

Верско Советување

ВО ПРОГРАМИТЕ ЗА ДЕРАДИКАЛИЗАЦИЈА

Извештај за проценка на потребите

Мапирање на потребите и начинот на спроведување на верското советување како мерка за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на лица осудени за кривични дела поврзани со насилен екстремизам во Македонија

GCERF Preventing Violent Extremism
HORIZON CIVITAS
МЦМС

Здружение за граѓански активизам и поттикнување на општествената одговорност **Хоризон ЦИВИТАС**
Скопје, Македонија

Извештај за проценка на потребите

за верско советување во програмите за дерадикализација

Март 2024 година

Наслов: Извештај за Проценката на потребите за верско советување во програмите за дерадикализација

Издавач:
Здружение за граѓански активизам и поттикнување на општествената одговорност Хоризон ЦИВИТАС Скопје

Автори: Амир Кадри и Самет Шабани

Превод од англиски на македонски: Фјола Златку Ајрулаху

Графички дизајн: A2 Digital World

Формат: електронски и печатен

Циркулација: ~20 засегнати страни

Пристап: отворен за јавноста

Извештајот е изготвен како дел од проектот „Патот кон отпорноста и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“, спроведен од Конзорциумот на организации, Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС, Хоризон Цивитас, Иницијатива за европска перспектива - ИЕП, Нексус Граѓански Концепт и Плеиадес Организација. Проектот е поддржан од Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедниците (ГЦЕРФ).

Овој извештај е изготвен со финансиска поддршка на ГЦЕРФ. Мислењата и содржината се единствена одговорност на авторите и не ги одразуваат задолжително гледиштата на ГЦЕРФ и ставовите на другите организации кои го спроведуваат.

Извештај за проценка на потребите

за верско советување во програмите за дерадикализација

СОДРЖИНА

01.Акроними и Кратенки 1

02. Список на Прилози

03.Извршно Резиме 3

Наоди од проценка на потребите 5

Широк пристап кон проценка на потребите
Институционална применливост или рамка 7
Содржина и спроведување

Препораки за проценка на потребите 7

04.Вовед и позадина 8

Контекст 9

05.Методологија 12

Преглед на документација
Идентификација на засегнатите страни
Длабински интервјуа со засегнатите страни 13
Фокус група
Анализа на податоци
Дискусија на тркалезна маса на засегнатите страни
Ограничувања на проценката на потребите 14

06.Резултатите и наодите 16

Општи пристапи кон верското советување
Институционална применливост или рамка 18
Содржина и спроведување: 20
Советување за дерадикализација

07.Добри практики 24

08.Заклучоци и препораки 26

09. Прилози 31

Прилог А. Идентификација на засегнатите страни во проценката на потребите
Прилог Б. Референци и список на прегледани документи 32
Додаток В. Водич за интервју 34
Прилог Г. Презентација на дискусијата на тркалезна маса 37

Акроними и кратенки

СЕ	Совет на Европа
КОВЗРГ	Комисија за односи со верските заедници и групи во Македонија
ГО	Граѓански организации
ЦСР	Центар за социјална работа
СНЕ	Спречување на насилниот екстремизам
УИС	Управа за извршување на санкции
ЕУ	Европска Унија
ФИС	Факултет за исламски науки
ПБФ	Православен богословски факултет
ГЦЕРФ	Глобален фонд за ангажираност и отпорност на заедницата
НКСНЕБПТ	Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.
ИОМ	Меѓународна организација за миграција
ИВЗ	Исламска верска заедница
ЛМТРРР	Локални мултидисциплинарни тимови за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација
МПЦ-ОА	Македонска православна црква - Охридска архиепископија
МзР	Меморандум за разбирање
РАН	Мрежа за подигање на свеста за радикализацијата
РРР	Рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција
СОП	Стандардна оперативен протокол
НЕП	Насилен екстремистички престапник

Список на прилози

Прилог А	Идентификување на чинителите за проценка на потребите	**31**
Прилог Б	Список на документи за преглед	**32**
Прилог В	Водич за интервју	**34**
Прилог Г	Презентација на дискусија на тркалезна маса	**37**

Извршно резиме

Во декември 2023 година, Хоризон Цивитас нарача осумнаесетмесечна проценка на потребите во Македонија, за верското советување како алатка за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на лицата вратени од конфликтните зони во Сирија и Ирак.

Целта на проценката на потребите беше да се соберат и сумираат ставовите на засегнатите страни за актуелните механизми и ресурси достапни за прилагодување на верското советување како корисна алатка за реинтеграција на повратниците. Проценката имаше за цел да ги идентификува ставовите на засегнатите страни за клучните недостатоци поврзани со идентификацијата, упатувањето, помошта и верската поддршката за целната група. Исто така, од засегнатите страни беа побарани препораки за тоа како да се воспостави функционален систем на советување во текот и/или после отслужување на затворската казна на насилните екстремистички престапници (НЕП). Како таква, оваа проценка на потребите претставува веродостоен извор на *'анализа на можностите за вклучување на верските заедници во процесот на рехабилитација и реинтеграција на осудените лица'*, наведена како мерка за постигнување на стратешката цел 4.1 Деангажирање/дерадикализација во опфатот на Националната стратегија за борба против насилниот екстремизам 2023-2027 на Владата на Република Македонија.

Постои сè поголема загриженост за потенцијалот за радикализација и терористички активности од страна на НЕП (во затвор или во периодот по ослободувањето) во Македонија. Неколку извештаи го идентификуваа и посочија на прашањето на радикализацијата во затворите. Извештајот на ЕУ за земјата за 2022 година препорачува да се продолжи со спроведување на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот со фокус на дерадикализацијата во затворите. Следствено на тоа, *зголемувањето на институционалните капацитети за спречување на радикализацијата во затворите* е високо на агендата на напорите на земјата да се спротивстави на насилниот екстремизам. Во таа насока, Управата за извршување на санкциите (УИС) започна тесно да соработува со Советот на Европа (СЕ) во последниве години.

Додека сегашните пристапи за дерадикализација и/или реинтеграција во земјата вклучуваат првенствено психолози, педагози и социјални работници, советодавните услуги од страна на верските лица остануваат недопрена тема. Без соодветно упатување и поддршка за сите лица кои биле жртви на верска заблуда како движечки мотив за приклучување кон терористичките групи, невозможно е да се има сеопфатен одговор на радикализацијата. Овој извештај за проценка на потребите говори за применливоста на евентуалното вклучување на верските работници во тие напори, и нуди патоказ во креирањето на соодветните политики. Како таков, извештајот се фокусира на утврдување на актуелните институционални капацитети за соодветно утврдување на препораки.

Проценката на потребите се состоеше од пет клучни чекори: (1) преглед на документација кој се состои од собирање, кодирање и анализа на документи утврдени од Хоризон Цивитас и дополнети од истражувачкиот тим; (2) изработка на алатка за идентификација на засегнатите страни за да се вклучат во проценката на потребите; (3) интервјуа со идентификувани засегнати страни во живо и онлајн; (4) фокус група со идентификувани засегнати страни; (5) анализа преку триангулација на податоци од сите извори, користејќи структурирана шема за кодирање за да се извлечат наоди и да се формулираат првичните препораки; (6) презентација и корекција/валидација на наодите од студијата и препораките на тркалезна маса со засегнатите страни.

Додека проценката на потребите даде вредни сознанија, сепак имаше одредени ограничувања кои треба да се спомнат:

Субјективните гледишта во фокус:

- Студијата првенствено се потпираше на гледиштата на засегнатите страни, што значи дека податоците ги одразуваат нивните специфични знаења и мислења за верското советување, недостаток на ресурси и потенцијалните решенија. Овој вреден придонес, сепак, ја ограничува објективноста на целокупната слика.

Спречување на воопштувањето:

- За интервјуата се користеше прикладно земање примероци, ограничувајќи ја применливоста на наодите на пошироките популации. Ставовите на избраните претставници од владата, агенциите или другите групи можеби не ги претставуваат сеопфатно гледиштата на сите поединци во тие институции.

Нерамномерен пејзаж на податоци:

- Прегледот на документацијата и интервјуираните лица варираа во однос на достапноста низ целата земја, со потенцијал да се создаде нерамнотежа на податоците.

Непредвидлива структура на препораки:

- Нашиот првичен план беше да ги категоризираме препораките на засегнатите страни според непосредни активности, привремени цели и долгорочни аспирации. Сепак, повеќе од 90% од засегнатите страни не успеаја да ја дадат оваа диференцијација, што доведе до некатегоризирани препораки, што потенцијално претставуваше предизвик во приоретизирањето.

Без оглед на овие ограничувања, пристапот со мешани методи, спојувајќи ги квалитативните и квантитативните податоци преку триангуларните наоди, ефективно генерира цврсти сознанија за ресурсите, недостатоците и потребите за верско советување низ целата земја. Сепак, при толкување и примена на овие наоди треба да се имаат предвид овие ограничувања.

Наоди од проценка на потребите

Нашата проценка на потребите резултираше со 12 клучни наоди, кои не мора да го опфаќаат
секое поставено прашање или тема.

Проблемите ги приоретизиравме на следниов начин:

- Често споменувани: Постојано цитирани од информатори, испитаници и документи.

- Опширно дискутирани: Посветено долго време и простор во интервјуата, одговорите и извештаите.

- Широко применливи: Постојано идентификувани во различни типови на испитаници и извештаи.

Овие наоди ги организиравме во три категории:

- **Широк пристап:** Широк пристап кон верското советување во Македонија
- **Институционална рамка:** Применливи структури и системи за спроведување на верското советување.
- **Содржина и имплементација:** Конкретни теми и методи за ефективна испорака.

Врз основа на горенаведеното, наодите од овој извештај се групирани и издвоени на следниот начин:

Широк пристап кон верското советување

- На верското советување најчесто се гледа како на теолошки концепт (духовно водство), а не како практика или мерка на С/БНЕ. Ова воведува сложеност во разбирањето на улогата на имамите во процесот, врамувајќи ги повеќе како „поддржувачи“ наместо како директни третирачи на случаите.
- Општиот став кон религиозното советување е дека тоа е корисно за осудените. Покрај тоа, повеќето веруваат дека тоа ќе биде поздравено од затворската популација.
- Отсуството на официјално делегирани верски работници (назначени во соработка со Исламската верска заедница) за спроведување на главната (исламска) петочна молитва во затворите остава простор за НЕП да ја злоупотребат молитвата за понатамошна радикализација во затворите.

Институционална применливост или рамка

- Клучен е пристапот на Комисијата за односи со верските заедници и групи (КОВЗРГ) за овој вид на мерки, во координација со Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ), како и верските заедници.

- Најдобар систем на ангажирање на верските работници за советување е преку номинации од верските заедници со кои УИС потоа ќе склучи поединечни договори како „времени консултанти“.

- Додека актуелните човечки ресурси за спроведување на ваква мерка во сродни институции се релативно доволни, тоа не е случај со оперативните и финансиските ресурси.

Содржина и спроведување:

- Додека верското советување за општата затворска популација е идентификувано како корисна алатка која треба да биде на доброволна основа, мерката се предлага како задолжителна за НЕП.

- Постои значителна разлика помеѓу сугерираните теми за верско советување за општата затворска популација и за НЕП.

- Покрај тоа, постои значителна разлика и во фреквенцијата на спроведување на оваа мерка за општата затворска популација и НЕП.

Препораки за проценка на потребите

Со препораките произлезени од ставовите на засегнатите страни и овие наоди целта е да се надминат главните недостатоци за евентуалното спроведување на верското советување како мерка во опсегот на политиките за РРР. Примарните препораки се одраз на сугестиите дадени од интервјуираните информатори и испитаници во истражувањето, и дискутирани и потврдени на *Тркалезната маса за улогата на верските заедници во мерките за спречување на насилниот екстремизам што води кон тероризам*. Постојат 10 последователно нумерирани препораки подредени по тема; редоследот по кој се наведени препораките, не ја одразува нивната важност. Секоја од препораките е наведена во Делот 5. Заклучок и препораки

За институциите:

Препорака 1: Да формираат Работна група за верско советување за РРР на НЕП.

Препорака 2: Да ги идентификуваат оперативните и финансиските ресурси

Препорака 3: Да ги утврдат Стандардна оперативна процедура (СОП) за верско советување

Препорака 4: Да ги ангажираат и потврдат номинираните верски работници

Препорака 5: Да ги зајакнат капацитетите на ангажираниот верски работник

Препорака 6: Да изготват список на теми за верско советување

Препорака 7: Да спроведуваат политики за мониторинг и евалуација

За Исламската верска заедница:

Препорака 1: Да изготви список на номинирани верски работници

Препорака 2: Да назначат лице задолжено за верско советување

За граѓанското општество:

Препорака 1: Да спроведат активности за градење на капацитетите за верско советување

Вовед и позадина

Во декември 2023 година, Хоризон Цивитас нарача осумнаесетмесечна проценка на потребите во Македонија, за верското советување како алатка за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на лицата вратени од конфликтните зони во Сирија и Ирак.

Целта на проценката на потребите беше да се мапира моменталната состојба, предизвиците и препораките за спроведување на оваа мерка во Македонија. Проценката имаше за цел да ги посочи клучните празнини поврзани со имплементацијата на мерката во земјата, а истовремено да воспостави основ за потенцијална имплементација во блиска иднина. Оттука, извештајот е кредибилен извор за институциите кои сакаат да ја анализираат вклученоста на верските заедници во рехабилитацијата и реинтеграцијата на осудените лица. Оваа мерка е индицирана за остварување на конкретната цел 4.2 Деангажирање/Дерадикализација на Националната стратегија за СНЕ 2023-2027 на Владата на Република Македонија.

Во овој дел од извештајот е даден краток преглед за верското советување како мерка за РРР, како и моменталната состојба во Македонија за спроведување на таквата мерка. Делот 2 ја опишува методологијата што се користи во проценката, ја претставува рамката и клучните истражувачки прашања за проценката и ги истакнува ограничувањата на истражувањето. Делот 3 ги наведува примарните наоди од проценката. Ги организиравме наодите врз основа на прашањата за истражување на проценката, опфаќајќи: (1) општи пристапи кон религиозното советување, (2) институционална применливост или рамка и (3) содржина и имплементација. Секоја тема на истражување се појавува нумерирана со задебелен фонт. Секој од нив е проследен со наодите кои се однесуваат на прашањето, поставени со точка и со закосени букви за да се разликува нивниот статус како наод. Секоја точка е проследена со дискусија за придружните податоци, со инкорпорирање на илустративни цитати собрани за време на интервјуата. Делот 4 дава преглед на добри практики за верско советување како мерка за РРР од регионот и пошироко. Извештајот завршува со Делот 5, кој нуди артикулиран сет на препораки од засегнатите страни проследени со сумирани заклучоци. Овој извештај ги вклучува и следниве прилози: Прилог А: Идентификација на засегнатите страни за проценка на потребите, Прилог Б: Листа на разгледани документи, Прилог В: Водич за интервју, Прилог Г: Презентација на дискусија на тркалезна маса.

Контекст

Со враќањето на лицата учесници во војните во Сирија и Ирак, македонските власти дадоа приоритет на агендата за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација. Во овој контекст, владата, преку Националниот комитет за борба против насилен екстремизам и антитероризам, формираше Меѓуагенциска работна група која се фокусира на реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на вратените странски борци и членовите на нивните семејства. Последователно, Групата подготви Национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација (РРР), создаде локални мултидисциплинарни тимови за РРР (МДТРРР) во одредени општини и изготви Стандарден оперативен протокол (СОП). Иако Националниот план доби високи оценки од одредени меѓународни експерти, некои домашни експерти сугерираат дека процесот на подготовка нема инклузивност, особено со тоа што не ги вклучува суштински значајните засегнати страни како што се граѓанското општество или верските заедници.

Бројни студии за појавата, манифестацијата и трендовите на насилниот екстремизам во земјата нагласуваат дека идеолошките недоразбирања и погрешни толкувања на религијата играат клучна улога во процесот на радикализирање и регрутирање поединци за странски конфликти во Сирија и Ирак.[1][2][3] Освен тоа, теренските набљудувања сугерираат дека насилните екстремистички престапници (НЕП) активно придонесуваат за понатамошна радикализација на другите осудени лица преку различни активности . Сепак, ниту Националниот план *за РРР за вратени странски терористички борци од Сирија и Ирак и членовите на нивните семејства*, ниту Акциониот план *за СНЕ 2023-2027* не предвидуваат директна мерка која на крајот може да го реши ова прашање. Имајќи ја предвид големината и сложеноста на прашањето, од клучно значење е да се спроведат мерки што ќе поттикнат преориентација на нивните религиозни верувања и пристапи.

1 Kadri, A. and Shabani, S. (2018). "Working towards resilient communities". Analytica Think Tank."

2 Feta, B., Armakolas I. & Krstinovska A. (2023). "Community resilience against violent extremism in North Macedonia", ELIAMEP.

3 Вачоски, А., Шикова, Н. & Муслиу, А. (2020) „Подобрување на разбирањето на феноменот на странските терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците во Северна Македонија", Нексус Граѓански концепт.

Занемарувајќи го проблемот, владата ризикува: (1) да ги одмине клучните мерки и да не даде приоритет на спречување на понатамошна радикализација меѓу постојните и идните осудени лица, (2) погрешно да ги разбере заканите: заостанување во развојот на нијансирани одговори на променливата природа на радикализацијата во затворите и (3) пропуштање на клучни партнери: несоработка со граѓанското општество и верските заедници, попречување на програмите за дерадикализација базирани на докази и внатре и надвор од затворите.
Спротивно на тоа, резултатите од земјите во регионот и пошироко кои ги ангажираат верските работници во процесот на дерадикализација во затворите и постзатворските периоди го покажуваат извонредното влијание на верското советување. Оваа интервенција се покажува ефикасна за намалување на мотивацијата за насилство меѓу насилните екстремистички престапници (ВЕП) и за трансформирање на нивното радикално разбирање и пристапи. Тргнувајќи од локалниот контекст, одредени земји создадоа успешни модели на соработка помеѓу државните институции, верските заедници и граѓанските организации. Овие модели ја користат експертизата на религиозното советување за дерадикализација на засегнатите поединци.

Имајќи го ова предвид, Хоризон Цивитас одлучи да спроведе проценка на тековните ресурси и потреби. Целта е да се идентификуваат најефективните механизми за потенцијална примена на верското советување како мерка во процесот на реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација во земјата. За да ја насочи студијата, Хоризон Цивитас состави мал истражувачки тим, кој изготви рамка за проценка на потребите, која вклучува активности за собирање и анализа на податоци. Корпусот на рамката вклучува збир на истражувачки прашања врз основа на целта која ја насочува студијата. Тимот ги организираше мерките во соодветни инструменти за собирање и анализа на податоци, кои опфаќаат аналитичка структура за кодирање за преглед на документација (и последователна квалитативна анализа на податоци), печатен прашалник за интервјуа лице в лице, веб-базирана верзија на истиот прашалник кога интервјуата лице в лице се непрактични, и презентација во PowerPoint за да ја олесни дискусијата на тркалезната маса на засегнатите страни.

Методологија

Во овој дел, даваме опис на методологијата што се користи во проценката, ја претставуваме рамката и клучните истражувачки прашања за проценката и ги истакнуваме ограничувањата на истражувањето. Проценката на потребите се состоеше од шест клучни чекори: (1) преглед на документација кој се состои од собирање, кодирање и анализа на документи утврдени од Хоризон Цивитас и дополнети од истражувачкиот тим; (2) изработка на алатка за идентификација на засегнатите страни за да се вклучат во проценката на потребите; (3) интервјуа со идентификувани засегнати страни лицфец в лице и онлајн; (4) фокус група со идентификувани засегнати страни; (5) анализа и триангулација на сите извори на податоци со користење на структурирана шема за кодирање за развој на наоди и првични препораки; (6) презентација и корекција/валидација на наодите од студијата и препораките на работилницата со засегнатите страни.

Преглед на документација

Прегледот на документацијата вклучува институционални документи и истражувања за верското советување и дерадикализацијата во Македонија. Истражувачкиот тим идентификуваше збир на документи и извештаи што треба да се разгледаат за вклучување во прегледот на документацијата. Идентификувани се вкупно 12. Од нив, тимот прегледа, дополни и на крајот вклучи 8 клучни документи од испитувањето (Прилог Б: Листа на документи за преглед на документи). Документите дадоа основен контекст за понатамошна елаборација на темата.

Идентификација на засегнатите страни

Истражувачкиот тим разви Рамковна алатка за утврдување на засегнатите страни за проценка на потребите (Прилог А: Утврдување на засегнатите страни за проценка на потребите) за поддршка на Хоризон Цивитас во идентификување и ангажирање на засегнатите страни во проценката на потребите. Алатката имаше за цел да му помогне на Хоризонт Цивитас во идентификување на сеопфатна и релевантна група засегнати страни кои ќе се вклучат во проценката на потребите. Со оглед на нивната контекстуална важност за темата, засегнатите страни беа категоризирани врз основа на нивната примарна цел, припадност и извори на финансирање.

Длабински интервјуа со засегнатите страни

Суштинската компонента на проценката на потребите беа ставовите и перспективите на засегнатите страни, особено на донаторите вклучени во програмите за дерадикализација во Западен Балкан. Со цел да се добие детален и нијансиран увид во тековната ситуација и потреби, истражувачкиот тим спроведе директни и онлајн интервјуа со голем број клучни засегнати страни. Листата на информатори и испитаници е изработена од Хоризон Цивитас. Усогласувајќи се со прашањата за истражување, истражувачкиот тим формулираше збир на прашања кои ќе послужат како основа за создавање на полуструктуриран водич за интервју. Вкупно, беа спроведени 24 интервјуа со идентификувани засегнати страни. Од нив, 17 беа спроведени лице в лице, а 7 беа одговорени онлајн.

Фокус група

Со оглед на директната релевантност на темата верско советување како мерка за дерадикализација, беше спроведена сесија на фокус група со Управата за извршување на санкции (УИС). Групата се состоеше од пет вработени во Управата, кои работат во секторите за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на НЕП. Полуструктурираниот водич за интервју беше користен за фокус групата.

Анализа на податоци

Истражувачкиот тим прво ги анализираше квалитативните податоци од испитувањето (документи и интервјуа) со развивање на кодови специфични за темата врз основа на истражувачките прашања од испитувањето. Кодирањето му помогна на тимот да ги утврди најчестите теми, шеми и одговори и соодветно да развие збир на конкретни наоди. Конечно, овој процес му овозможи на тимот да ги агрегира наодите за да изготви збир на препораки за тоа како најдобро да се спроведе верското советување во пракса.

Дискусија на тркалезна маса на засегнатите страни

Чекор кон завршување на оваа концизна проценка на потребите вклучуваше свикување на клучните засегнати страни за дотерување на прелиминарните наоди и препораки од студијата. Хоризон Цивитас идентификуваше група засегнати страни од земјата и ги покани на тркалезна маса за да дискутираат околу вклучување на верските заедници во превентивните механизми за борба против насилниот екстремизам што води кон тероризам. Дискусијата на тркалезната маса се состоеше од: (1) презентација на прелиминарните наоди и препораки од студијата и (2) дискусија за наодите и препораките. Целта беше да се изготви конечен збир на препораки кои ги одразуваат приоритетите на засегнатите страни за следните чекори кон развивање на модул за вклучување на верските заедници во процесот на PPP преку обезбедување на верско советување.

Ограничувања на проценката на потребите

Оваа проценка на потребите, иако информативна, се соочи со неколку ограничувања, некои идентификувани порано. Овие ограничувања се важни да се земат предвид при толкување на наодите:

Потврда на податоците:

- Фокусирани на засегнатите страни: Студијата во голема мера се потпираше на перцепциите и ставовите на засегнатите страни, што доведе до субјективни увиди во религиозното советување. Иако нивниот придонес беше вреден, тој не претставува објективна анализа на целиот пејзаж.
- Ограничен преглед на литературата: Иако се разгледуваше можноста за надворешно истражување, тоа не беше сеопфатен преглед, потенцијално недостасуваа пошироки перспективи.

Земање примероци и генерализација:

- Земање примероци за погодност: Учесниците во интервјуто беа лесно достапни поединци, а не случајно избрани. Ова ја ограничува применливоста на наодите за поголеми популации.
- Различна достапност на податоци: Како прегледот на документацијата така и информаторите за интервјуата се разликуваа во однос на пристапноста низ целиот регион, што имаше потенцијал за искривување на податоците.

Структура на препораките:

- Несортирани препораки: Заинтересираните страни во голема мера се воздржаа од категоризирање на препораките со непосредни, привремени и долгорочни цели. Ова го отежнува приоритизирањето на идните дејства.

Подготвеност за учество на засегнатите страни:

- Дискусии на тркалезна маса: Дискусијата на тркалезната маса на засегнатите страни, иако е вредна за повратни информации, не гарантира универзално прифаќање на наодите и препораките. Индивидуалните гледишта може да се разликуваат.

Потенцијални предрасуди:

- Пристрасност при самоизбор: Учесниците кои волонтирале може да имаат силни ставови за темата во споредба со другите, влијаејќи на тој начин на податоците.
- Пристрасност заради социјална пожелност: Испитаниците може да одговорат на начин за кој сметаат дека е општествено прифатлив, искривувајќи ги самопријавените информации.

И покрај овие ограничувања, студијата ефикасно ги комбинираше квалитативната и квантитативната триангулација на податоци за да генерира вредни сознанија за ресурсите, недостатоците и потребите за верско советување. Сепак, при толкување и примена на овие наоди треба да се имаат предвид овие ограничувања.

Резултатите и наодите од проценката на потребите

Во овој дел, ги опишуваме примарните наоди од проценката на потребите на Хоризон ЦИВИТАС за верско советување за дерадикализација во Македонија. Наодите ги дискутираат - и се организирани околу - следните наслови: (1) Општи пристапи за верско советување; (2) институционална применливост или рамка и (3) содржина и имплементација. Овие наслови се усогласуваат со клучните истражувачки прашања за проценка. Препораките произлегуваат од приоритетите на засегнатите страни како што е наведено во Делот 5.

Нашите наоди не одговараат на секое прашање поставено за време на собирањето податоци.

Наместо тоа, тие истакнуваат:

- Проблеми кои се повторуваат: Прашања што често се споменуваат од испитаниците и во документите.
- Проширени дискусии: Теми кои добија најголемо внимание при собирањето податоци.
- Широко набљудувани теми: Проблеми спомнати од различни интервјуирани групи.

Користиме точки и задебелен фонт за да ги истакнеме клучните наоди. Бројот и деталите на наодите варираат во зависност од темата, како одраз на длабочината на собраните информации.

Општи пристапи кон верското советување

Овој дел ги опишува почетните идеи, разбирањето и пристапите за верското советување во Македонија. Бидејќи збирот на прашања во овој дел беа повеќе персонализирани прашања, се очекуваше повратните информации од засегнатите страни да бидат повеќе субјективни лични мислења, отколку рационализирани објективни инпути. Покрај тоа, одговорите беа општи. Исто така, важно е да се укаже дека прашањата во оваа почетна фаза се однесуваа на општата затворска популација, а не само на НЕП.

Значаен наод во самиот почеток на дискусијата е дека повратните информации од интервјуто со информаторот сугерираат општ позитивен став кон верското советување. Да се утврди дали поволната наклонетост кон верското советување произлегува од религиозноста на испитаникот или од поширокатa конструктивна ориентација кон реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на затвореникот, останува сложена задача. Вреди да се одбележи дека само ограничен број испитаници дадоа теоретски согледувања за употребата на верското советување како превентивна мерка или контраакција против екстремизмот во текот на престојот во затвор или по отпустот. Ова доведува до заклучокот дека на религиозното советување најчесто се гледа како на теолошки концепт.

Врз основа на достапните податоци и интервјуата со информаторите, верското советување може да биде релативно корисно за осудените лица во Македонија. Одредени испитаници го истакнаа потенцијалот за злоупотреба на таквата програма поради религиозните мисионерски цели на советниците назначени за спроведување на оваа програма. Изнесениот предлог нагласува дека корисноста на програмата лежи во нејзината добро дефинирана, структурирана природа, внимателно следена од релевантни институции и спроведена од професионалци опремени со потребната експертиза.

Прашани за најефикасниот метод за спроведување на верското советување во Македонија, речиси сите испитаници изјавија дека оваа мерка треба да биде на доброволна основа по барање на осудените лица, а не како задолжителна програма за рехабилитација. Имено, засегнатите страни од верските институции го оправдаа овој пристап, наведувајќи ја религиозната основа, тврдејќи дека од религиозна гледна точка, поединците не можат да бидат принудени да се придржуваат до религиозните верувања и вредности.

Податоците сугерираат дека постои општо верување дека верското советување би било добро прифатено од затворската популација. Кога им се побара да ги поткрепат своите ставови, нивните одговори покажуваат дека советниците ги поседуваат потребните капацитети да предизвикаат каење кај затворениците за нивните сторени злосторства. Дополнително, тие се сметаат за способни да поттикнат конструктивно размислување за иднината, а со тоа да придонесат кон сеопфатните цели на концептот на затвор.

Институционална применливост или рамка

Во овој дел е елаборирана, како и утврдена најефикасната институционална рамка во Македонија за применливост на верското советување во текот на престојот во затвор и по отпустот. Збирот на повеќе прегледи на документи, како и прашањата од овој дел имаа за цел да ги осознаат најприменливите стандарди, операции, процедури и/или методи за спроведување на верско советување во земјата. Со ова се откриваат тековните институционални капацитети, предизвици и потреби за спроведување на верското советување во пракса. Во таа насока, студијата во овој дел се фокусира на испитување на човечките, оперативните и финансиските ресурси на релевантните институции и засегнати страни.

Преовладува гледиштето кај поголемиот дел од засегнатите страни и институционални претставници во земјата дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Македонија (КОВЗРГ) треба да биде назначениот орган одговорен за координирање и спроведување на верското советување и во затворскиот и во постзатворскиот период. Неколку испитаници го оправдаа својот став посочувајќи дека КОВЗРГ е најпогодна институција за оваа мерка, поради: прво, фокусот на институцијата на прашања кои се однесуваат на религиозниот пејзаж во земјата и второ, нејзината улога во координацијата на јавните институции со верските заедници, кои не се сметаат за јавни институции. На другата страна, неколкумина тврдеа дека КОВЗРГ е независен орган во државната администрација и поради тоа, не може ефективно да извршува толку обемни оперативни обврски како координирањето на значителни човечки, оперативни и финансиски ресурси.
Следејќи го ова, мнозинскиот пристап е дека КОВЗРГ, како институција задолжена за оваа мерка, може да формира Работна група за верско советување составена од: (1) државни институции, вклучувајќи ги Управата за извршување на санкции, Националниот комитет за СНЕ и БТ; (2) државни академски институции, како Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Факултетот за христијанска православна теологија, Факултетот за исламски студии, и кредибилни граѓански организации кои работат во оваа област, и (3) уставно признатите верски заедници, вклучувајќи ја Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦОА) и Исламската верска заедница (ИВЗ). Некои тврдеа дека верските академски институции и верските заедници не можат директно да учествуваат во работна група иницирана од државата поради секуларниот карактер на државата. Наместо тоа, предлогот е КОВЗРГ да воспостави Механизам за консултации со нив и да ги пренесе нивните ставови до Работната група за верско советување составена од државни институции.

Друг проблем во овој дел беа дебатите за вклучување на безбедносните институции во евентуалната Работна група за верско советување. Иако поголемиот дел од институционалните испитаници ја истакнаа неопходноста од вклучување на

безбедносните институции за спроведување безбедносни проверки на верските работници кои учествуваат во оваа мерка, испитаниците првенствено поврзани со академската заедница тврдеа дека таквата вклученост води до неоправдана секјуритизација на мерката и дека овој пристап може да има негативни ефекти врз засегнатите страни поврзани со верските практики.

Запрашани за тоа кој е најсоодветниот метод за регрутирање верски работници за верско советување, преовладува гледиштето кај мнозинството засегнати страни дека оптималниот пристап за Македонија вклучува верските заедници да поднесат предложен список на верски работници до КОВЗРГ. КОВЗРГ потоа може да издава индивидуални привремени договори за услуги со номинираните работници. Повеќе институционални чинители рекоа дека постојната законска рамка во земјата го овозможува овој процес на аутсорсинг на услуги, со што нема да има потреба да се создаде дополнителна рамка за ангажирање.

По процесот на ангажирање, мнозинството од испитаниците тврдеа дека најсоодветниот метод за известување помеѓу надлежните институции, имено КОВЗРГ, и давателите на услуги, особено верските работници вклучени во верското советување, е преку редовни месечни координативни состаноци. Ова може да овозможи попрактичен начин за обезбедување повратни информации и соодветно оценување на ефикасноста на мерката.

Кога станува збор за моменталните капацитети во однос на човечките ресурси, мнозинскиот пристап е дека земјата има доволен број на лица за спроведување на ваквата мерка. Засегнатите страни се на мислење дека институциите можат да назначат поединци со соодветна стручност за да бидат дел од Работната група и дека верските заедници имаат доволен број на верски работници кои можат да бидат номинирани за советување и во затворскиот и во постзатворскиот период. Сепак, институционалните чинители ја истакнаа неопходноста од ажурирање на правната рамка со која се уредува учеството на јавните службеници, со што нивната вклученост ќе биде експлицитно наведена во описот на нивната работа, задачи и одговорности. Понатаму, неопходно е да се унапредат стручното знаење и квалификации на верските работници за верско советување како клучен предуслов за нивното вклучување.

Во однос на оперативните ресурси, се смета дека нема доволно капацитети за примена на верско советување, особено во затворите. Мнозинството од испитаниците посочија дека затворите во државата немаат доволно капацитет за спроведување на овој вид на мерки, како што е простор за индивидуално советување, опрема (како што е проектор доколку верскиот советник сака да користи видео презентации за време на советувањето), и превозни средства (за верскиот советник, од и до затворот). Во однос на финансиските средства, постои согласност дека институциите немаат

доволно финансиски средства да го покријат спроведувањето на таквата мерка. Имено, предмет на дискусија е до кој степен владата може да одвои доволен буџет за КОВЗРГ за покривање на трошоците за давателите на привремените услуги (верските работници). Мнозинството од испитаниците тврдеа дека имплементацијата на таква мерка со некакви финансиски импликации може да биде можно само доколку верските заедници преземат одговорност за покривање на оваа услуга во рамките на постоечките задачи и одговорности на верските свештеници.

Поточно, верските заедници можат да назначат верски лица, како што се свештеници или имами, да служат во затворите како дел од нивните вообичаени обврски во заедницата. Во едно такво сценарио, осудените лица ќе бидат препознаени како составен дел на заедницата. Многу од испитаниците, исто така, сугерираа дека активностите за градење професионални капацитети, како што се обуки, студиски посети, состаноци за акциски план, може финансиски да се покријат преку финансирање на проекти на ГО. Со оглед на тоа дека давателите на услуги не се јавни службеници, некои тврдеа дека услугите може да бидат покриени во рамки на проектите.

Содржина и спроведување:

Во овој дел е елаборирана методологијата на спроведување на верското советување во затворот и после отпустот. Поточно, нуди пристапи за различни аспекти поврзани со оваа мерка, вклучувајќи ги темите што треба да се обработуваат за време на советодавните сесии, методите, форматите и формите на советување, како и зачестеноста и времетраењето на сесиите. Со ова, овој дел нуди солиден приказ за тоа како да се врши верско советување во Македонија. Со цел да се обезбедат поконкретни податоци во врска со дерадикализацијата, овој дел вклучува специфичен фокус на мерките за верско советување за НЕП или лицата осудени за кривични дела поврзани со насилен екстремизам и учество во странски војни во Сирија и Ирак.

Испитаниците идентификуваа повеќе теми што може да се обработат со осудените лица. Темите кои најчесто се споменуваат вклучуваат имање цел во животот, истражување на правдата и неправдата од верска перспектива и поттикнување на емпатија. Само еднаш беа спомнати менталната и физичката здравствена заштита, економскиот просперитет и постигнувањето позитивен статус во општеството. Ова укажува на тоа дека испитаниците генерално се наклонети кон преориентирање на фундаменталното индивидуално разбирање на вредностите кај затворениците, давајќи им приоритет на ова наместо иницирање промени преку практичните секојдневни потреби.

Сепак, кога беа прашани за форматот на советувањето, надвладеа предлогот од мнозинството да се вклучат во тематски разговори засновани на интересите на осудените лица, наспроти однапред определените теми договорени од кое било координативно тело, како што е Работната група за верско советување и давателите на услуги (верските работници). Исто така, вреди да се напомене дека оние испитаници кои претпочитаат претходно договорени теми претежно доаѓаа од институциите.
Друго прашање на дискусија беше формата на верското советување. Опциите што им беа дадени на испитаниците беа: индивидуални советувања, групни состаноци (со 4-5 затвореници), проповедање пред сите затвореници (литургија, проповед итн.) или сите комбинирани. Интересен е наодот дека речиси сите засегнати страни ја претпочитаа опцијата за комбиниран пристап. Исто така, вреди да се напомене дека чинителите кои ги посочија само индивидуалните советувања беа службени лица од Управат за извршување на санкции.

Запрашани за зачестеноста на советувањето, поголемиот дел од засегнатите страни посочија дека најидеално би било да се спроведува еднаш неделно. Мнозинството испитаници сметаа дека едно верско советување треба да трае максимум 1 час. Според некои, оваа комбинација ќе помогне да се создаде долготрајна врска помеѓу советникот и осуденото лице, врз основа на взаемно разбирање и почитување. Друг испитаник посочи дека еднаш неделно е идеално, но може да биде тешко институциите да ги извршат задачите од мерката со таква временска рамка.

Друга значајна констатација е дека сите испитаници се согласија дека делењето летоци или книги од страна на верскиот советник на затвореникот треба да се користи како дополнителна алатка за советување. Многумина тврдеа дека да се охрабри читањето може да поттикне чувство на поголема внатрешна промена во животот на осуденото лице. Покрај тоа, може да помогне да се создаде поголема емоционална врска помеѓу затвореникот и советникот, што може да помогне советникот да се позиционира како позитивен водич во нивниот живот.

Советување за дерадикализација

Овој дел истражува како верското советување може да им помогне на оние кои се вратиле од борбите во Сирија и Ирак, особено на жените и децата, регрутирани од терористички групи користејќи изопачени религиозни причини. Главната цел на збирот прашања кои се опфатени во овој дел беше да се мапираат специфичните предизвици, потреби и капацитети во однос на верското советување како мерка за дерадикализација на оваа специфична целна група. Дополнително, овој дел помогна да се увидат сите разлики помеѓу пристапите за методологијата на спроведување на верското советување, помеѓу општата затворска популација и НЕП, поединци осудени за кривични дела поврзани со учество во странски војни во Сирија и Ирак.

На прашањето дали мерката религиозно советување за повратниците треба да биде задолжителна или не, засегнатите страни дадоа многу различни мислења. Многумина рекоа дека основниот двигател на нивната радикализација и насилни дејства произлегува од погрешното толкување на религијата или усвојувањето идеолошки толкувања кои го оправдуваат психичкото и физичкото насилство, со што задолжителното советување кое се фокусира на религиозната преориентација станува императив. Покрај тоа, некои изјавија дека секој напор за дерадикализација кој не ги вклучува верските работници како предводници на процесот е предодреден на неуспех. Спротивно на тоа, има и такви кои тврдат дека наметнувањето задолжително верско советување на оваа конкретна група може да доведе до негативни последици.

Наместо тоа, тие предлагаат да им се дозволи на лицата доброволно да ја изразат својата подготвеност да се вклучат во дискусии за религиозни прашања со верските советници. Во идеална ситуација, според некои, верските работници кои учествуваат во која било програма за дерадикализација, (задолжителна или изборна), треба да поседуваат широко разбирање за вахабистичкото учење. Ова е од клучно значење бидејќи повратниците честопати се потпираат на нив во нивните секојдневни верски толкувања и практики. Оттука, некои предложија дека најсоодветни советници за религиозна преориентација на оваа специфична група се имамите кои припаѓаат умерените вахабистички учења. Се верува дека тие се добро опремени за ефикасно справување со погрешните толкувања кои преовладуваат во оваа целна група.

Во кое било сценарио за имплементација, постои апсолутна согласност дека религиозното советување може да има многу позитивно влијание врз вратените поранешни борци, вклучувајќи ги и жените и децата. Со други зборови, засегнатите страни позитивно пристапуваат кон воспоставување на механизам за религиозно советување приспособено на оваа целна група. Сепак, некои сугерираат дека политичката волја на јавните институции и на Исламската верска заедница да направат конкретни чекори во воспоставувањето на ваква мерка за дерадикализација останува главен предизвик или тема на дискусија.

Кога конкретно беа прашани за теми во врска со повратниците, вклучително и жени, одговорите претежно се свртеа кон директни дискусии фокусирани на добро познати прашања поврзани со исламистичката радикализација и насилниот екстремизам. Најчесто споменувани теми беа (1) толкувањето на *џихад* (што значи „стремеж“ или „борба“ на арапски) (2) социјалната интеграција со луѓе од различни верски средини во земји во кои не владее *шеријатот* (исламски закони) (3) ненасилно решавање на конфликти (4) почитување на верската слобода како суштинска вредност во исламот и (5) правата на жените во исламот. Оваа листа на теми укажува на драстична разлика во пристапите на испитаниците во врска со темите за верско советување што треба да се пренесат на општата затворска популација, односно на НЕП.

Друга разлика во ставовите се однесуваше на форматот на советувањето. Додека мнозинството испитаници тежнееја да веруваат дека комбинираните советувања (поединечно, во групи, проповедање) се најидеални за општата затворска популација. Од друга страна, речиси сите изјавија дека секое советување со НЕП треба да се спроведе само поединечно. Овој пристап за верското советување на НЕП најмногу беше поткрепен со претпоставката дека групното верско советување со НЕП може да заврши само како непотребна дебата, наместо како контекстуално советување преку размена на идеи.

Дополнителна разлика во ставовите помеѓу општата затворска популација и НЕП е зачестеноста на советувањето. Голем дел од испитаниците сметаат дека верското советување за НЕП треба да биде почесто. Ова беше наведено како одговор на прашањето колку често НЕП треба да имаат верско советување. Додека за општата затворска популација мнозинството изјави еднаш неделно, за НЕП многумина изјавија најмалку двапати неделно.

Покрај тоа, постои апсолутна согласност кај сите засегнати страни дека секое верско советување како дел од програмите за дерадикализација за НЕП треба да биде дел и од пост-казнените мерки. Имено, сите се согласија дека вклучувањето на верското советување во пробациските служби е од суштинско значење, со што дополнително ќе се придонесе за позитивна верска преориентација во периодот после отпустот. Кога беа прашани за форматот на верското советување со вратените поранешни борци, вклучително и жените и децата, кој се протега до пост-затворскиот период, испитаниците се тежнееја кон комбинација од различни форми: семејни посети во домовите, индивидуални состаноци во џамии, како и неформални места како кафулиња и ресторани, наместо да се фаворизира кој било единствен пристап.

Добри практики

Многу земји во светот сметаат дека верското советување е ефикасна алатка во напорите за дерадикализација во затворите и надвор од нив. Дерадикализацијата во затворите и потоа, иако сложено и чувствително прашање, може да има корист од инкорпорирање на верското советување кога се спроведува внимателно и одговорно. Еве некои описи на добри практики на верско советување во затвор и пост-затворски период од различни земји, означени по тема и механизам на функционирање:

1. Верско советување во партнерство со граѓанското општество и теолошките институции:
   - Албанија: Координативниот центар за СНЕ на Владата на Албанија побара од Универзитетот Бедер - Катедра за исламски студии, како и од Муслиманската заедница на Албанија да обезбеди теолози и имами (жени и мажи) со познавања за исламот и психологијата. Тие имаат редовно верско советување со жени и деца повратници од странски конфликти во Сирија и Ирак. Покрај тоа, Линијата за советување на жени и девојки во партнерство со Меѓурелигискиот совет на Албанија неодамна започнаа нов проект за градење на капацитетите на дополнителни верски работници за спроведување на верско советување во затворите.

2. Меѓуверски дијалог и разбирање:
   - Индонезија: Програмата „Градиме мостови“ во Индонезија ги спојува затворениците од различни вери и потекла на меѓуверски дијалози олеснети од обучени верски советници. Ова поттикнува взаемно разбирање и почитување, наспроти екстремистичките идеологии.

3. Наративно преформулирање и трансформација на идентитетот:
   - Саудиска Арабија: „Програмата за насоки и рехабилитација“ во Саудиска Арабија работи со верски научници и советници за да им помогне на затворениците да ги преформулираат своите наративи и да развијат позитивен идентитет надвор од екстремистичките идеологии. Ова може да вклучи реинтерпретација на религиозни текстови и истражување на алтернативни патишта за нивните вредности.

4. Реинтеграција и поддршка на заедницата:
   - Мароко: „Програмата за превенција на рецидивизам Дар Талиб“ во Мароко дава верско советување заедно со стручна обука и поддршка на заедницата за ослободените затвореници. Овој холистички пристап ја поттикнува реинтеграцијата и го намалува ризикот од повторна радикализација по ослободувањето.

5. Културно чувствителни пристапи и информирани од траума:
- Канада: Програмата „Ресторативна домородна духовност во затворите“ во Канада ја препознава врската помеѓу историската траума и екстремизмот кај некои домородни заедници. Програмата нуди културно чувствително религиозно советување кое вклучува традиционални практики за лекување и за решавање на основната траума.

6. Акцент на критичко размислување и верска писменост:
- Германија: „Мрежата за спречување насилство во Германија“ ги обучува затворските свештени лица да се вклучат во критички дискусии со затворениците за верските текстови и идеологии. Ова ги подготвува да им се спротивстават на екстремистичките толкувања и да развијат сопствени вештини за критичко размислување.

Овие добри практики нудат вредни сознанија за одговорно користење на верското советување во напорите за дерадикализација во затворите. Успешната рехабилитација бара повеќестран пристап кој им дава приоритет на индивидуалните потреби, ја почитува верската разновидност и поттикнува критичко размислување, истовремено почитувајќи ги етичките и безбедносните околности.

Заклучоци и препораки

Во завршниот дел од овој извештај се сумирани клучните наоди, предизвици, препораки и добри практики идентификувани во извештајот. Исто така, ги нагласува потенцијалните области за понатамошна анализа и ја нагласува важноста од решавање на недостатокот на вклученост на верските заедници во мерките за СНЕ и РРР.

Извештајот дава сеопфатен преглед на потенцијалите и предизвиците за користење на верското советување за дерадикализација во Македонија. Со решавање на утврдените потреби и проблеми и со инкорпорирање на најдобрите практики од други земји, Македонија може да развие програма која промовира реинтеграција, верска реинтерпретација и на крајот го спречува насилниот екстремизам.

Верското советување, доколку се спроведува промислено и одговорно, има потенцијал да биде вредна алатка за напорите за дерадикализација во земјата. Од клучно значење е да се решат етичките и безбедносните прашања и да се усвои повеќестран пристап кој на крајот овозможува мерката да функционира професионално. Учејќи од добрите практики на други места и внимателно прилагодувајќи ја програмата на конкретниот контекст, Македонија може да го максимизира потенцијалот на верското советување за ефективна рехабилитација и дерадикализација.

Имајќи ја предвид моменталната состојба, Македонија се смета за земја која нуди правна основа за почитување на слободата на верата, верувањето и практиките на поединците. Повикувајќи се на Законот за извршување на санкции на Македонија, член 194 - *Правото на исполнување на верските потреби*, кој го регулира правото на затворениците да ги исполнат своите верски чувства и потреби; Македонија може да развие мерка на верско советување која ќе и помогне на затворската популација не само да ги ужива своите права во рамките на овој член, туку и да ја олесни нивната реинтеграција и рехабилитација - како основни столбови на времето поминато во затвор.

Извештајот, исто така, сугерира дека решавањето на трендот на (нова) радикализација во затворите е од клучно значење. Недостатокот на соработка помеѓу Управата за извршување на санкциите и Исламската верска заедница, особено во делот на редовните молитвени ритуали, како што е петочната молитва, вклучувајќи ја верската проповед - ритуал што НЕП добро го користат за радикализација на други осудени лица; создава јаз во напорите за спречување на радикализацијата во затворите.

Во Македонија постои позитивен став кон изводливоста на мерките за верско советување. Сепак, основната мотивација зад оваа поддршка останува нејасна, (верската наклонетост наспроти рехабилитацијата). За општата затворска популација,

се фаворизира доброволното советување. За НЕП (лица осудени за насилен екстремизам и странски војни), мислењата се разликуваат во однос на задолжителноста на програмите.

Комисијата за односи со верските заедници и групи на Македонија (КОВЗРГ) се смета за најсоодветна институција за координирање и спроведување на верско советување, со потенцијал да се воспостави работна група со различни засегнати страни. Темите за советување кои се повторуваат се целта во животот, правдата, емпатијата и верската реинтерпретација. Комбинираното индивидуално и групно советување се претпочитаат за општата популација, додека индивидуалните сесии за НЕП. Беше предложено советувањето да биде еднаш неделно за општата популација и најмалку двапати за НЕП. Семејните посети, индивидуалните состаноци во џамиите и неформалните средини се претпочитаат за пост-затворска реинтеграција на НЕП. Справувањето со погрешните толкувања на верските текстови, социјалната интеграција, ненасилното решавање конфликти и почитувањето на верската слобода се сметаат за клучни за НЕП. Се претпочитаат индивидуалното советување и почести сесии.

Некои од идентификуваните предизвици се следниве:

- Дефинирање на целите и индикаторите за успех: Потребни се јасни цели и индикатори за успех за да се оцени ефективноста на верското советување во напорите за дерадикализација.
- Обука на верските работници: Од клучно значење се програмите за обука на верските работници за дерадикализација и вештини за критичко размислување.
- Мониторинг и оценување: Треба да се воспостават механизми за мониторинг и евалуација за да се процени ефективноста на програмата и да се направат прилагодувања по потреба.
- Етички согледби: Од суштинско значење е внимателно да се анализираат етичките и безбедносните аспекти за да се спречи злоупотребата на верското советување.

Покрај тоа, извештајот покренува важни прашања за вклученоста на безбедносните институции во религиозното советување наспроти секуларизмот. Овие прашања заслужуваат понатамошно разгледување и дискусија.

Други битни предизвици околу применливоста на оваа мерка се недостатокот на оперативни и финансиски капацитети. Финансиските ресурси и оперативната изводливост на спроведувањето на верското советување треба внимателно да се проценат.

Од друга страна, добрите практики покажуваат дека **партнерството со граѓанското општество и теолошките институции** е клучно за применливоста на оваа мерка. Понатаму, значајни сознанија од успешните практики вклучуваат употреба на меѓуверски дијалог и разбирање, примена на наративно прерамнување и трансформација на идентитетот, обезбедување реинтеграција и поддршка на заедницата, имплементација на пристапи информирани за траума и културно чувствителни пристапи и акцент на поттикнување на критичко размислување и верска писменост.

Како заклучок, овој извештај ги нуди следните препораки:

За институциите:

Препорака 1 - Формирање на работна група за верско советување за РРР на НЕП:
Оваа работна група е воспоставена на национално ниво, предводена од КОВЗРГ и се состои од УИС и НКСНЕБТ. КОВЗРГ се состанува со верските заедници и богословските факултети за координација на верските работници и дискутира за тоа со Работната група.

Препорака 2 - Утврдување на оперативните и финансиските ресурси:
Ресурсите потребни за спроведување на верско советување во затворот систематски се идентификуваат и се прават напори да се мобилизира потребната опрема и средства од релевантни владини институции или преку обезбедување поддршка од меѓународни донаторски организации.

Препорака 3 - Поставување на стандардна оперативна процедура (СОП):
Во консултација со ИВЗ и релевантните граѓански организации кои работат на тие полиња, РГ за верско советување развива СОП за верско советување во затворите. СОП-от ги утврдува сите релевантни процеси во врска со ангажирањето, спроведувањето, како и известувањето за сработеното од верските работници.

Препорака 4 - Ангажирање и потврдување на номинирани верски работници:
По спроведувањето на темелна анализа, КОВЗРГ ангажира поединечно договорени верски работници кои поседуваат соодветни сертификати за давање услуги во рамки на казнени и постказнени мерки.

Препорака 5 - Јакнење на капацитетите на ангажираниот верски работник:
Да се подобрат вештините и мотивацијата на верските работници одговорни за спроведување на верско советување во затвор и за време на периодот на пробација после отпустот преку професионална обука, студиски посети и обезбедување на сеопфатен прирачник. Овие активности можат да бидат спроведени и финансиски покриени од страна на ГО кои работат во тие области.

Препорака 6 – Изработка на список на теми за верско советување:
Списокот на теми ќе биде изработена во соработка на РГ за верско советување и верските заедници. Прилагодување на темите на советување зависно од целната група (жени, деца и мажи).

Препорака 7 - Спроведување на политики за мониторинг и евалуација:
По спроведувањето на Стандардните оперативни процедури (СОП) за верско советување, Работната група (РГ) за верско советување систематски спроведува политики за мониторинг и евалуација за да ја процени ефективноста на оваа мерка.

За Исламската верска заедница:

Препорака 1 - Да состави список на номинирани верски работници: ИВЗ изготвува список на верски работници (по град и по пол за секој град кој има НЕП). Списокот потоа го доставува до КОВЗРГ за понатамошен процес на ангажирање.

Препорака 2 - Да назначи лице задолжено за верско советување: ИВЗ назначува лице/оддел задолжен за верско советување. Тоа може да биде секторот за образование во рамките на оваа институција. Назначеното лице е контакт точка за КОВЗРГ во однос на сите процеси во врска со оваа мерка.

За граѓанското општество:

Препорака 1 - Да спроведат активности за градење на капацитетите за верско советување: Граѓанските организации развиваат проекти кои имаат за цел да ги изградат капацитетите на верските работници, како и на другите засегнати страни во врска со спроведувањето на верското советување.

Прилози

Прилог А.
Идентификација на засегнатите страни во проценката на потребите

Име на засегната страна	Опис на чинител (примарна намена, припадност, финансирање)
Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.	Примарна цел:
Комисија за односи со верските заедници и групи во Македонија	Примарна цел:
Управа за извршување на санкциите	Примарна цел:
Центар за социјална работа	припадност
Исламска верска заедница	Примарна цел:
Македонска православна црква	Примарна цел:
Факултет за исламски науки	Примарна цел:
Православно богословски факултет	Примарна цел:
Филолошки факултет	припадност
Факултет за психологија	Припадност
Правен факултет	Припадност
Локални граѓански организации	Припадност
Меѓународни граѓански организации	Припадност
Народен правобранител на Република Северна Македонија	Припадност
Канцеларија на Советот на Европа Северна Македонија	Финансирање
Аналитичари на јавно мислење	Припадност
Експерти за безбедност	Припадност

Прилог Б. Референци и список на прегледани документи

Влада на Република Македонија, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

2023 Национална стратегија за борба против насилниот екстремизам
2023 Акциски план за спроведување на стратегијата за борба против насилниот екстремизам

Комисија за односи со верските заедници и групи

2007 Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група

Министерство за правда, Управа за извршување на санкции

2019 Закон за извршување на санкциите
2019 Измени на законот за извршување на санкциите
2019 Измени на законот за извршување на санкциите

Европска комисија

2022 Извештај за Северна Македонија 2022

Совет на Европа

2016 Прирачник за затворски и пробациски служби во врска со радикализацијата и насилниот екстремизам
2016 Запознајте ги своите права
2019 Спроведување на санкции и мерки во заедницата

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Меѓународната казнена реформа

2022 Заштита на човековите права во затворите, при спречување на радикализацијата што води кон тероризам или насилство

Мрежа за подигнување на свеста за радикализација (РАН)

2017 Улогата на религијата во програмите за излез и верското советување во затворот и пробацијата

Министерство за наука, технологија и животна средина Малезија и Центар за истражување и управување со иновации, Националниот универзитет на Малезија

2012 Влијанието на религиозното водство и советување врз затворениците во Малезија Самодоверба

Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)

2016 Управување со насилни екстремистички престапници и спречување на радикализацијата која води кон насилството затворите

Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)

2016 Preventing Violent Extremism Through Promoting Inclusive Development, Tolerance, and Respect For Diversity

Универзитетот Џорџ Фокс

2019 Улогата на верата во општествата во Западен Балкан

Државен Универзитет на Минесота

2023 Најдобри практики во советувањето на балканското население: Обука за советници за ментално здравје

Додаток В. Водич за интервју

Извештај за проценка на потребите од верско советување за дерадикализација

Водич за интервјуа

Име и презиме на испитаникот: _____
Институција:_____
Член на истражувачкиот тим: _____ Датум:_____

Откако ќе го воведе прашалникот, ќе ја објасни неговата цел, ќе го наведе опсегот на интерес и ќе ја нагласи неговата намена, истражувачот ги поставува следниве прашања за да бие сигурен дека се е јасно:

- Дали ги разбирате параметрите на нашиот разговор?
- Дали имате некое прашање во моментов?

I. Општ пристап кон верското советување

1. До кој степен сте информирани за 'верското советување во затворите?
2. До кој степен сметате дека верското советување може да биде корисно за осудените лица?
3. Кој е најефикасниот начин за спроведување на верско советување во Македонија?
   а) Задолжително за сите осудени лица
   б) Доброволно, по барање на осуденото лице
4. Како оваа мерка ќе биде поздравена од осудените лица во Македонија?
   а) Многу добро поздравена
   б) Помалку поздравена
   в) Лошо
   4 .а Зошто мислите така (а, б или в)?

II. Институционалната применливост или рамка

5. Според Вас, која од следните институции треба да биде задолжена за спроведување на оваа мерка?

a) Управата за извршување на санкции
b) Центарот за социјална работа
c)Комисијата за односи со верските заедници и групи во Македонија
d) Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.

6. Следејќи ја дефиницијата за одговорна институција, кој треба да биде дел од

(можната) меѓуагенциска работна група за верско советување која ќе мапира план за спроведување на верското советување

7. Дали верските заедници треба да учествуваат во оваа Работна група?

a) Да
b) Не

8. Кој е најдобриот начин да се ангажираат верски работници кои ќе спроведуваат верско советување?

a) Отворен повик за верски работници / теолози од надлежна институција и индивидуално ангажирање со договор за вршење на оваа услуга
b) Координација со верските заедници (предлог листа за номинација од страна на ИВЗ и МПЦ) и индивидуален договор за услуги помеѓу одговорната институција и номинираните верски работници
c) Тендерска постапка за набавка на услуги од надлежна институција кон верските заедници
d) Тендерска постапка за набавка на услуги од надлежна институција кон различни граѓански организации (вклучително и верски)
e) Прифаќање на понуди од ГО (вклучително и верски) за давање услуги кон одговорната институција, без трошоци/бесплатно.

9. Како треба да се воспостави координација помеѓу надлежната институција, давателите на услуги и другите институции?

a) Редовни координативни состаноци (неделни/месечни/квартални)
b) Наративно известување од давателот на услугата до одговорната институција

10. Кои се силните и слабите страни во аспектот на човечки ресурси за имплементација на оваа мерка во Македонија?

11. Кои се силните и слабите страни во аспектот на оперативните ресурси за имплементација на оваа мерка во Македонија?

12. Во која мерка оценувате дека постојат неопходните финансиски капацитети за спроведување на верското советување во Македонија?

a) Задоволително
b) Доволно
c) Недоволно

III. Содржина и спроведување:

13. Според вас, кои теми треба да бидат вклучени во верското советување?

14. Во кој формат треба да се покриваат темите?

a) Тематско обраќање согласно интересот на осуденитее лица
b) Предефинирани теми помеѓу одговорната институција и давателот на услуги

15. Во која форма треба да се одвива верското советување?

a) Состаноци за индивидуално советување
b) Состаноци за групно советување (4-5 лица)

c) Проповедање пред сите затвореници (литургија, проповеди и сл.)
d) Сите заедно

16. Колку често треба да се одвива верското советување?
a) Еднаш дневно
b) Еднаш неделно
c) Многу пати во текот на една недела (двапати или повеќе)
d) Еднаш месечно
e) Спонтано согласно потребите

17. Колку долго треба да трае верското советување?
a) Помалку од еден час
b) Еден час
c) Повеќе од еден час

18. Дали делењето летоци или книги треба да се користи како мерка во верското советување?
a) Да
b) Не

III а. Советување за дерадикализација

19. Дали верското советување за повратниците НЕП од Сирија и Ирак треба да биде задолжително?
a) Да
b) Не

19а. Зошто мислите дека а) Да или б) Не?

20. До кој степен оценувате дека оваа мерка може да има влијание врз оваа категорија?
a) Многу позитивно влијание
b) Малку позитивно влијание
c) Ниту позитивно ниту негативно влијание
d) Малку негативно влијание
e) Многу негативно влијание

21. Кои верски теми треба да се покријат за време на верското советување за повратниците НЕП?

22. Како треба да се одвива верското советување со повратниците НЕП?
a) Индивидуално
b) Групно

23. Колку често повратниците НЕП треба да добиваат верско советување?
а) Еднаш дневно
б) Еднаш неделно
c) Повеќе пати неделно (двапати или повеќе)
d) Еднаш месечно
e) Спонтано согласно потребите

24. Дали верското советување за повратник НЕП треба да продолжи и после

отпустот?

a) Да
b) Не

25. Ако одговорот е да, кој формат е најефикасен за верско советување надвор од затворот?

a) Семејни посети дома
b) Индивидуални средби во џамии
c) Индивидуални средби надвор од џамијата на неформални места (кафуле, ресторан итн.)
d) Сите заедно

Дополнителни коментари:

Прилог Г. Презентација на дискусијата на тркалезна маса